# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба

Службен гласник бр.6
19.05.2023 година
Општина Росоман

Изготвува општинската администрација на Општина Росоман

Тел.(043)441-331 факс.(043)441-443

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за усвојување на Кварталниот извештај 1 за извршување на Буџетот на општина Росоман за 2023 година, донесено од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023[та] година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.1,1**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 став 1 точка 33 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 24-та седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за усвојување на Кварталниот извештај 1 за извршување на Буџетот на општина Росоман за 2023 година**

**Член 1**

Со ова Решение се усвојува Кварталниот извештај 1 за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година за извршување на Буџетот на општина Росоман за 2023 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-355/1.1,1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**

**23.05.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Росоман** **Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Росоман за 2023 година, донесена од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023[та] година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.1,2**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021 и 173/2022), а во врска член 14 став 3 од Закон за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 80/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/2021), Колективен договор на општина Росоман бр.01-523/1 од 30.09.2022 година и член 9 точка 4 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/2006), Советот на општина Росоман на 24-та седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

**за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Росоман за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџет на Општина Росоман за 2023 година, донесена на ден 10.02.2023 година на одржаната 20-та седница на Советот на Општина Росоман, во Членот 20 се менува делот “10.02.2023 година“ во “01.01.2023 година“.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување и ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08 –355/1.1,2** — **ОПШТИНА РОСОМАН**

**23.05.2023 година** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Росоман** — **Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за трансфер на средства за реализација на Проект „Градење на енотуристички капацитети: Патување од промовирање на производството на вино до искуство во енотуризмот – Тера Вино", донесена од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023та година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.1,3**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 62 а согласно член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Рм " бр.5/02 и член 9 точка 32 од Статутот на Општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 24та седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за трансфер на средства за реализација на**

**Проект „ Градење на енотуристички капацитe: Патување од промовирање на производство на вино до искуство во енотуризмот-Тера вино"**

**Член 1**

Заради потребата од Реализација на активностите по Проектот **„Градење на енотуристички капацитети: Патување од промовирање на производство на вино до искуство во енотуризмот-Тера вино"**, Советот на Општина Росоман одобрува на градоначалникот на Општина Росоман да изврши трансфер на средства во износ од 334.030,00 денари од Буџетската сметка на Општина Росоман 761014038063019 на Наменската сметка на проектот - Наменска сметка 761014038078549 - Градење на енотуристички капацитети - Тера Вино - општина Росоман која што е сметка на Проектот **„Градење на енотуристички капацитети: Патување од промовирање на производство на вино до искуство во енотуризмот - Тера вино"** склучен помеѓу Италијанско-Грчката стопанска комора на Солун како водечки партнер во проектот и Општина Росоман како проектен партнер 5 од Договор бр.SC 029 за на донација за реализирање на гореспоменатиот проект.

**Член 2**

Износот на средства од 334.030,00 денари од член 1 на оваа Одлука ќе се повратат на Буџетската сметка на Општина Росоман, по завршување на проектните активности.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Росоман

Бр.08-355/1.1,3
Во Росоман на ден
23.05.2023 година

**Совет на Општина Росоман**
**Претседател**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Здружение на граѓани Марков стап, донесена од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023та година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.1,4,1**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман на 24-та седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

**за одобрување на финансиски средства на Здружение на граѓани Марков Стап**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува Барањето бр.08-264/1 од 07.04.2023 година поднесено од страна на Здружение на граѓани Марков Стап од село Мрзен Ораовец, за финансиски средства во износ од 20.000,оо денари како донација при реновирање на црквата св. Никола во село Мрзен Ораовец.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-355/1.1.4,1**<br>**23.05.2023 година**<br>**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**<br>**ПРЕТСЕДАТЕЛ**<br>**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈПКД Росоман - Росоман, донесена од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023та година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.1,4,2**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман на 24-та седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на финансиски средства на ЈПКД Росоман - Росоман

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува Барањето бр.08-330/1 од 28.04.2023 година поднесено од страна на ЈПКД Росоман - Росоман, за финансиски средства во износ од 272.000,оо денари како помош при исплата на долг за потрошена електрична енергија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-355/1.1.4,2**
**23.05.2023 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на физичко лице, донесена од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023та година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.1,4,3**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман на 24-та седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на финансиски средства на физичко лице

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува Барањето бр.08-334/1 од 05.05.2023 година поднесено од страна на Марија Дојкова од с.Манастирец и се одобруваат финансиски средства во износ од 30.000,оо денари како парична помош за лекување.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-355/1.1.4,3**
**23.05.2023 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на КУД Росоман-Росоман, донесена од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023[та] година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.1,4,4**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман на 24-та седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на финансиски средства на КУД Росоман - Росоман

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува Барањето бр.08-311/1 05.05.2023 година поднесено од страна на КУД Росоман - Росоман за финансиски средства во износ од 60.000,оо денари заради настап на Манифестацијата ДУХОВДЕН Фест 2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-355/1.1.4,4**
**23.05.2023 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за разрешување и именување на член на Надзорен Одбор на ЈПКД Росоман - Росоман, донесено од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023та година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.2,1**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 точка 42 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување и именување на член на Надзорен одбор на ЈПКД Росоман – Росоман**

1. Со ова Решение се разрешува членот на Надзорен одбор, лицето Малина Голубовиќ, заради неоправдано отсуство на две последователни седници.

2. Со ова Решение се именува лицето Гоце Саздов за член на Надзорен одбор на ЈПКД Росоман – Росоман, како предлог член даден на седница на Советот на општина Росоман.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-355/1.2,1**
**23.05.2023 година**
**Р о с о м а н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата за одбележување на фестивалот "ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2023", донесена од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023$^{та}$ година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.3**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За одбележување на фестивалот "ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2023"**

1. Комисија за образование, култура, спорт и одбележување на празници и манифестации до Советот на општина Росоман достави извештај со Предлог – Програма за одбележување на традиционалната манифестација "Духовден фест-Праскобер 2023", што ќе се одржи во Росоман.
2. Советот на Општина Росоман во целост ја прифаќа доставената Предлог-Програма, а манифестацијата "Духовден фест-Праскобер 2023" ќе се одржи во деновите:
   02.06.2023 година – Прв ден
   03.06.2023 година - Втор ден,
   04.06.2023 година – Трет ден – одржување на панаѓур.

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА:

1. Традиционална манифестација ќе се одржи на локацијата Старото училиште во Росоман, каде што ќе се постави соодветна бина за реализирање на манифестацијата.

2. На ден 02.06.2023г (Петок)

   - 17:00 – промоција на домашни производи и храна во организација на Здружение за рурален развој „РАЈ" од Росоман
   - 18:00 – ревијален турнир во мал фудбал со учество на екипи од МЗ Сирково, МЗ Манастирец, МЗ Трстеник, МЗ Паликура, Росоман и збратимена општина Пландиште
   - (по седум претставници)
   - 19:00 – настап на КУД Росоман – мала група
   - 19:50 – свечено отворање на манифестацијата со откинување на првата праска
   - 20:00 – настап на музичка ѕвезда
   - 22:00 - вечера

3. На ден 03.06.2023г., (Сабота)

   - 18:00 – Културно уметничка програма со настап на Културно уметнички друштва од тиквешки регион
   - 20:00 – Драмска секција ООУ „Пере Тошев" Росоман
   - 20:30 – забавна програма со настап на национална ѕвезда

4. На ден 04.06.2023г. (Недела)
   - Панаѓур (во организација на ЈПКД Росоман од Росоман)

5. За поуспешна реализација на Програмата, планирано е изготвување на посебни покани и рекламен материјал, а сето тоа ќе биде објавено на локалните медиуми.

6. По завршување на настапот на поканетите гости да се обезбеди освежување со пијалоци и сендвичи и слично за учесниците на манифестацијата.

7. За учесниците во програмата, ќе бидат доделени маици со лого од манифестацијата.

8. Со цел за што поквалитетно обезбедување на манифестацијата и нејзиното рекламирање да се обезбеди и квалитетно озвучување, да се постават паноа и да бидат поканети претставници од медиумите на РСМ.

9. Средствата за покривање на трошоците за манифестацијата делумно ќе бидат обезбедени од спонзорства, а останатиот дел ќе падне на товар на Буџетот на Општина Росоман за 2023 година, согласно донесената Програма за таа намена од страна на Советот на Општина Росоман во висина од 400.000 денари.

10. По одбележување на фестивалот и реализација на Програмата до Советот на Општина Росоман да се достави и Извештај за потрошените финансиски средства.

11. Оваа Програма влегува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08-355/1.3**
**23.05.2023 година**
**Р о с о м а н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман,  донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за усвојување на Одлуката за утврдување на цената за закуп на продажно место за панаѓурот по повод празникот Духовден 2023, донесено од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023$^{та}$ година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.4**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 точка 31 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**

**за усвојување на Одлуката за утврдување на цената за закуп на продажно место за панаѓурот по повод празникот Духовден 2023**

1. Се усвојува Одлуката бр.02-115/3 од ден 12.05.2023г. донесена од страна на Управниот одбор на ЈПКД Росоман – Росоман, за утврдување на цената за закуп на продажно место за панаѓурот по повод празникот Духовден 2023,

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-355/1.4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**

**23.05.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Росоман** **Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење подвижна ствар – возило на ЈП Градски Превоз – Кавадарци заради обезбедување на редовни меѓуопштински линии, донесена од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023$^{та}$ година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.5**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локана самоуправа (*Службен весник на РМ*бр.5/02) а согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општествена сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/15,106/15,153/15,190/16 и 21/18 () и член 9 став 32 од Статутот на општина Росоман („Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06) , Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023 година , донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на трајно користење подвижна ствар - возило**

**на ЈП Градски Превоз- Кавадарци заради обезбедување на редовни меѓуопштински линии**

**Член 1**

Со оваа Одлука општина Росоман дава на трајно користење возило CITROEN JUMPER BUS FT40+L4H2 NIV.2 2.2HDi 165 E6.2, година на производство 2021, со број на шасија VF7YECNFC12T67286 и регистарски таблици КА 2696 AD, на ЈП Градски превоз – Кавадарци, заради обезбедување редовни меѓуопштински линии на релација Кавадарци – Росоман – околни села и обратно.

**Член 2**

Движната ствар опишана во Член 1 од оваа Одлука, се дава на трајно користење со тоа што Општина Росоман ќе биде ослободена од субвенции во висина на вредноста на возилото односно согласно последната проценка на вредноста од Декември 2022 година истата изнесува 3.250.812,211.

**Член 3**

Правото и начинот на користење на превоз за жителите од Росоман и околните села, времетраењето на ослободувањето од субвенции и други важни елементи од меѓусебниот однос ќе бидат дополнително регулирани со Договор за меѓусебните права и обврски или друг соодветен акт.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе биде објавена во Службен гласник на општина Росоман .

**Бр.08- 355/1.5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**

**23.05.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Р о с о м а н** **Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот во однос на точката 1.6 од утврдениот дневен ред, донесен од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023[та] година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.6**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (*Службен весник на РМ* бр.5/02) и член 9 од Статутот на општина Росоман (*Службен гласник на општина Росоман* бр.7/06) Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Во однос на точката 1.6 од утврдениот дневен ред, а во врска со даден предлог за вршење на внатрешна ревизија (контрола) над работата на ЈПКД Росоман – Росоман за последните 5 години, **Советот одлучи**:

   - Советот дава согласност за започнување постапка за вршење на внатрешна ревизија над материјално-финансиското работење на ЈПКД Росоман – Росоман за периодот од последните 5 години на претпријатието, со формирање на Комисија од редот на вработените во Општина Росоман.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на негово донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр. 08-355/1.6**
**23.05.2023 година**
**Р о с о м а н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за давање на адвокатски, консултантски услуги за потребите на општина Росоман со соодветно стручно физичко или правно лице, донесена од страна на Советот на општина Росоман на 24-тата седница одржана на ден 19.05.2023[та] година.

Изработила: А/П

**Бр.09-355/1.7**
**23.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 точка 44 од Статутот на општина Росоман („Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за склучување на Договор за давање на адвокатски, консултантски услуги за потребите на општина Росоман со соодветно стручно физичко или правно лице**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот дава согласност да се склучи Договор за давање на адвокатски, консултантски услуги за потребите на општина Росоман со соодветно стручно физичко или правно лице.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-355/1.7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**

**23.05.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Р о с о м а н** **Ристо Јошев с.р**